Александар АТАНАСОВСКИ УДК: 94(=16)„06“

# ВИЗАНТИЈА И СЛОВЕНИТЕ ОД ОКОЛИНАТА НА СОЛУН ВО VII ВЕК

***Кратка содржина***

*Седмиот век во односите на Словените од околината на Солун со Византија претставува пресвртница. Тие односи се односи на две политички страни. Словените истапуваат како политички субјект кој го имал регулирано својот престој во Македонија и кој настојува да ја отстрани византиската власт од единствената нејзина воена база во Македонија. Во тие свои акции Словените претежно дејствувале сојузени повеќе племиња, а во еден случај (618 год.) имале помош од Аварите.*

*Во текот на воените операции на Византија против Словените во Македонија, посебно од 658 година дошло до склучување на мир и најверојатно „рексот Пребонд“ бил признат за „крал на своите Словени“, а тој од своја страна по примерот на Теодорих Остроготски се обврзал да дејствува во правец на зацврдување на централната власт во Македонија. По извесно време Пребонд бил осомничен дека крои „зли“ планови против Солун, потоа при неговиот престој во Солун бил фатен и одведен во Цариград. Следувало словенско пратеништво до управникот на Солун и мешовито пратеништво на видни Солунчани и Словени кај византискиот император за преговори да се ослободи Пребонд. Сето тоа укажува на регулирани односи на два политички субјекта-Византија и Словените.*

***Клучни зборови:*** *СЛОВЕНИ, ВИЗАНТИЈА, ПРЕСЕЛБИ, ОДНОСИ, ВОЈНА, МИР, ХАЦОН, ПРЕБОНД, СОЈУЗИ, ПРЕГОВОРИ.*

Историјата на Словените од Македонија била предмет на проучување на повеќе истражувачи. Сепак и покрај обемната литература повеќе сегменти од раносредновековната историја на Словените од Македонија останале сè уште енигма за историчарите. Како главна причина за тоа се наведува оскудицата на изворни податоци за тој период. Но, не треба да заборавиме дека и тие податоци што постојат различно се толкувани и интерпретирани. Така, научните работници водени од различни идеолошки определби намерно или не, на

некои настани се обиделе да им дадат национална етикета што не одговара на историската вистина. Во тој период „нации" не постојат, и проблемот треба да го гледаме од глобален аспект.

Меѓу проблемите кои и до денес не се разрешени се два основни: првиот е за населувањето на Словените во Македонија, дали е преселба или бунт на поробеното население и второто прашање е односот на Словените со Византија, или нивниот статус во рамките на „Pax Romana". Првото прашање овде нема да биде разгледувано. Вниманието ќе го посветиме на второто прашање: статусот на Словените во рамките на Источната римска империја или како што милуваме да ја нарекуваме – Византија. Тоа прашање го разгледуваме во текот на VII век.

Седмиот век по многу нешта е специфичен и токму тој според некои историчари е почеток на типичното средновековие. Во тој век Источната римска империја дефинитивно се трансформира во средновековна држава. Тогаш е направена преобразбата на државната управа, направен е аграрен преврат, тогаш е уништена древна Персија, тогаш се јавува новата сила Арабите вдахновени од исламот, тогаш е направена замената на латинскиот јазик со средновековен византиски и на крајот тогаш Империјата успеала да го врати својот авторитет во Европа, пред сè над Словените.

Седмиот век по многу нешта е значаен и за Словените од Македонија, посебно за оние од околината на Солун.

Сите извори, за жал не многу, зборуваат за односите на Словените со Византија. Хендикепот е во тоа што најмногу извори имаме за односите на Словените од околината на Солун и нивните борби за превземање на овој град од Византија, иако, според некои извори дел од Словените живееле и внатре во градот. Што се случувало со Словените од внатрешноста на Македонија во VII век, каков статус имале во однос на владата во Константинопол, изворите не ни овозможуваат да дознаеме ништо конкретно.

Токму затоа и тежиштето на овој труд е сконцентрирано на односите меѓу Византија и Словените од пошироката околина на Солун.

Првите значајни вести за Словените од околината на Солун во VII век се однесуваат на словенскиот племенски сојуз на чело со „егзархот" (кнезот) Хацон[1] и нивниот обид за завземањето на Солун

---

[1] Титулата егзарх (ἔξαρχος) истражувачите ја преведуваат со словенско значење „кнез", „водач", егзарх, а неговото име Χάτξων, како Хацон, Хакон и сл.; Спореди: Извори за българската история, VI, – Гръцки извори за българската история, III,133; Византиски извори

во 614-616 година. Тоа е прво чудо во збирката Miracula s. Demetrii II и авторот посветува прилично големо внимание на тој настан. Тој дел е доста експлоатиран од научните работници за докажување на различни тези. Нас нè интересира тоа што досега не било предмет на посебно истражување, а е содржано во расказот.

Посебно внимание заслужува почетокот на расказот: „...и така се случи да се крене (подигне) народот на Словените составен од неизмерно множество Драговити, Сагудати, Велегезити, Вајунити, Берзити и др. племиња“[2]. Интересна е констатацијата на авторот: „се крена т.е. се подигна народот“, не вели тргна од таму и таму, туку вели се „подигна“, а тоа значи дека тие Словени го имале регулирано својот престој во Македонија и сега се кренале, т.е. се подигнале, што ќе рече се разбунтувале против власта. Не ни е позната причината за тој бунт. Друго што е значајно, авторот ги наведува имињата на одделните словенски племиња. Тоа ни овозможува да можеме полесно да определиме кои се тие племиња што го сочинувале „народот на Словените“, што живееле во Македонија, поточно во околината на Солун.

Целта на ова „кревање“ на Словените е јасна и на авторот: „решиле да го нападнат и разурнат и нашиот град, како што направија и со останатите градови“[3]. Оваа реченица е различно преведувана и интерпретирана, па дури некои истражувачи ја ставаат во нејасните[4], иако е сосема јасна. Сите околни градови на Солун биле разурнати и опљачкани од Словените и сега сакале тоа да го сторат и со Солун. Некои историчари помислуваат и на тоа дека целта им била да создадат своја држава со престолнина во Солун[5]. Дилемата се разрешува од следната реченица „...носејќи ги со себе и своите семејства заедно со покуќнината, планираа по заземањето на градот да ги сместат вна-

---

за историју народа Југославије. Том I, Београд 1955, 186 бел. 15-19 и 193; Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава. Том први, Скопје 1981, 31 и бел. 75; Тъпкова-Заимова В., – Пенджекова Р., Византия през погледа на съвремениците й. Пловдив, 2002, 64; С. Антолјак, Македонските Склавинии. – Средновековна Македонија, Т. 1, Скопје 1985, 157; Истиот, Доаѓањето на Словените на Балканот. – Средновековна Македонија, 1 , Скопје 1985, 117; Б. Панов, За етногенезата на македонскиот народ. – Средновековна Македонија. Т. 3, Скопје, 1985, 15; Л. Славеска, Етногенезата на македонскиот народ континуитет и традиција некои аспекти. Скопје, 1992, 46; И. Божилов – В. Гюзелев, История на средновековна България VII-XIV век. София1999, 43; Т. Живковић, Јужни Словени под византијском влашћу (600-1025), Београд 2002, 190-191; С. Зоговиќ, Етничките заедници во Македонија до крајот на раниот среден век. Прилеп, 2001, 259-260.

[2] Византиски извори, I, 186-187; Документи за борбата, 1, 29.

[3] Византиски извори, I, 189-190; Документи, 1, 30.

[4] Спореди: Ф. Баришић, Чуда Димитрија Солунског као историјски извор. Београд 1953, 85-89.

[5] Документи,1, 31 бел.75; Б. Панов, За етногенезата, 15.

тре“[6]. Од овој дел, исто така се добива впечаток дека Словените го имале регулирано својот престој во околината на Солун, па можеле да си ја понесат покуќнината и семејствата со себе за да по освојувањето на градот се сместат внатре. Не треба да се мисли дека при овој напад Словените тргнале од Влашко и дошле до Солун[7], дотолку повеќе што тие со бродови го опседнале градот, а тие бродови сигурно не можеле да ги донесат по копно под Солун.

По извршените подготовки за напад „целиот народ на Словените го опкружи градот како смртоносен венец“[8]. Тоа значи дека дошло до опсада на градот. И токму тука авторот на Чудата II ни го дава името на водачот на Словените – Хацон[9]. Неговото име скоро сите го прифаќаат како Хацон, исклучок прави Т. Живковиќ кој го преведува како Хакон[10]. Неговата титула ја преведуваат како „водач“, „кнез“ и „егзарх“[11]. Како што се гледа од изворот таа е типично византиска титула „егзарх“ и се однесува на воен управник на определена воено-административна единица во Византија[12]. Зошто авторот на Чудата му ја дава таа титула на Хацон, не ни е јасно. По обичај византиските автори многу ретко ги титулираат владетелите на други народи со свои титули. Кога станува збор за Словените во Македонија тоа се случува редовно во VII век и затоа заслужува посебно внимание. Може да се претпостави дека Хацон бил признат за егзарх на Словените под определени услови кои што не ни се познати.

За текот на опсадата е даден целосен опис, но повеќе нè интересира судбината на Хацон и неговиот однос со првенците на градот Солун. Изворот е јасен: „некои од првенците на нашиот град го сокрија дома од некаква корист и со недобри намери“[13]. Но, „Св. Димитри поттикнал машка храброст кај жените и тие го извлекле од

[6] Византиски извори, I, 190; Документи, 1, 30; И. Божилов-В. Гюзелев, История, 43.

[7] Т. Живковић, Јужни Словени под византијском влашћу, 192-193.

[8] Византиски извори, I, 190-191 и бел. 9; Документи, 1, 30

[9] ἰδ τῶν αὐτῶν Σκλαβίνων ἔξαρχος τοὔνομα Χάτζων, Документи, 1, 31 бел. 75.

[10] Т. Живковиќ, Јужни Словени, 190.

[11] Види литературата наведена во бел. 1, како и: Иванова О.В., Славяне и Фессалоника во второй половине VII в. по данным „Чудеса св. Димитрия“. – Славянские древности. Этногенез, материальнаяа культура древней Руси. НД Киев 1980, 82-83 заб. 5; Истата: Формы политической организации славянского опщества в центральной и южной частях Балканского Полуострова в VII-VIII вв. – Этносоциальная и политическая структура раннефеодальных славянских государств и народностей. Москва 1987, 61.

[12] Титулата егзарх ја прифаќа С. Антолјак, Македонските Склавинии, 136; Истиот, Военоадминистративната организација на македонските Словени. – Средновековна Македонија,1, Скопје 1985, 157. Во Византија егзархатите се јавуваат во времето на Маврикиј 584 година, сп. Г. Острогорски, Историја Византије, Београд 1969 (прво фототипно издание), 98.

[13] Византиски извори, I, 193; Документи, 1, 31.

куќата каде што се криеше, го спроведоа низ градот и го каменуваа“[14].

Тој дел од изворот наведува на заклучок дека првенците на Солун добро го познавале Хацон, па затоа го сокриле, можеби имале намера да го разменат за некаков откуп или пак во прашање било нешто друго, за што авторот вели дека „нивниот морал не е за пофалба“[15]. Исто така и жените од Солун го познавале Хацон па поради неговото криење го извлекле на улица и го каменувале. По стариот македонски обичај со каменување се казнувале предавниците. Можеби жените го сметале за предавник на започнатото дело па го казниле, или пак му биле лути за страдањата што им ги предизвикал со подигањето на народот на Словените против градот и несреќата што ги снашла по опсадата. Останува нејасно зошто додека Хацон бил затворен во Солун, Словените и без него ја продолжиле опсадата, дали веќе имале избрано негов заменик или пак без водач продолжиле да се борат за да го ослободат Хацон. Како и да е, и по смртта на Хацон словенската опсада на Солун продолжила.

За тоа авторот на Miracula II вели: „По споменатиот напад на Словените т.е. на Хацон, и по лесниот и праведен колеж што гиснајде, и најпосле по срамната војна што ја водеа против нас, тие претрпеа не мала штета, кога во нашиот од Бога чуван град пребегнаа нивните заробеници кои беа ослободени од нивниот водач. Тие пребегнувајќи кај овдешните им одзедоа и дел од воениот плен. Бедата ги натера да свикаат советување и откако собраа премногу подароци, ги испратија преку пратеници до хаганот на Аварите, ветувајќи му и уверувајќи го дека ако им укаже сојузничка помош, за неговото заземање ќе му дадат огромни пари, што би ги ограбиле од нашиот град“[16]. Јасно е дека овде станува збор за настаните по смртта на Хацон. Тука авторот кажува дека заробениците биле ослободени од водачот на Словените, но не го наведува неговото име ниту титулата, што може да значи дека биле раскинати претходните односи со Византија и таа не му ја признала титулата на новиот водач, затоа и не е спомената. Тоа најверојатно бил наследник на Хацон кој ја презел раководната должност во војната против Солун. Но, тој водач сам не одлучувал за најважните работи, туку за тоа свикувал советување и на тоа советување е донесена одлука да се побара помош од Аварите, поточно од нивниот хаган.

---

[14] Византиски извори, I, 193-194; Документи, 1, 31.

[15] Византиски извори, I, 193.

[16] Византиски извори, I, 195; Документи, 1, 32.

Овие вести се многу битни за согледување на односите меѓу Словените од Македонија и Аварите од Заддунав. Тие два ентитета истапуваат како два посебни субјекта во меѓусебните односи. Словенски пратеници отишле кај Аварите со подароци и со молби да го убедат хаганот да им помогне да го освојат Солун, при што му ветиле дека ќе му дадат уште пари од тие што би ги ограбиле од градот.

Аварскиот хаган знаел дека градот Солун може лесно да падне, а и словенското пратеништво го убедувало дека тој е опкружен од нив и дека се пусти сите градови и области кои зависеле од него, единствено тој стои опкружен од нивните населби и ги прифаќа сите бегалци од дунавските краишта, Панонија, Дакија, Дарданија и останатите провинции и градови, давајќи им заштита[17].

Од овие вести јасно се гледа дека Словените се тие кои во дваесетите години на VII век живеат во околината на Солун и тие преговараат рамноправно со Аварите за заедничка акција против градот. Хаганот испратил помош, војска составена од Авари и Словени кои биле потчинети на Аварите и тие заедно со Словените од Македонија во 618 година го опсадиле Солун. Значи во опсадата на Солун учествувале две групи Словени, едната што дошла со Аварите од зад Дунав и втората од Македонските Словени кои живееле во околината на Солун[18]. Тоа е и една од најголемите опсади на Солун. Опсадата завршила неуспешно. Византиската влада испратила помошни војски во градот и на крајот аварскиот хаган се согласил да ја напушти опсадата под услов да добие извесни дарови. Хаганот добил откупнина, како и надомест во пари и намирници за ослободените заробеници[19].

Тој гест на хаганот ја покажува целта на неговото војување – добивање плен или подароци. По 33 дена тој се вратил зад Дунав, но неговите сојузници од Македонија останале да живеат во околината на Солун. Тие и понатаму се обидувале да го освојат градот. Нивниот следен обид бил во 630 година, кога Солун бил зафатен од силен земјотрес и многу згради биле разурнати. Словените што живееле во близина на градот по смирувањето на земјотресот тргнале со копачи и лопати во раце да ги расчистат урнатините и да се населат во градот. Откако се „доближија до градот, тие видоа дека целиот ѕид од сите страни е неоштетен и дека градот си останал како и порано, а и

---

[17] Византиски извори, I, 195; Документи, 1, 32.

[18] За тоа спореди: Византиски извори, I, 195 бел. 23. Некои автори оваа опсада ја датираат во 617 година, види: И. Божилов-В. Гюзелев, История, 44.

[19] Византиски извори, I, 196; сп. И. Божилов-В. Гюзелев, История, 45.

војниците што стражареле на ѕидиштата се гледаа од надвор, и така Словените се вратија назад исплашени и без резултат“[20].

Авторот јасно укажува дека Словените се тие кои живеат во околината на Солун и дека во мирно време не смееле да му се доближат на градот. При природната катастрофа се обиделе да ја искористат можноста и да го заземат градот, но и овој обид не им успеал. Солун останал главна византиска воена база на Балканот.

По овој настан, за извесно време прекинуваат вестите за Словените од Македонија. Дури во 658 година Теофан Исповедник бележи поход на византискиот император Констанс II (641-668) против Склавиниите, при што многумина заробил и потчинил[21].

Овој поход е различно датиран[22], ние ја прифаќаме хронологијата што ја дава Георги Острогорски[23] и М. Рајковиќ и затоа го ставаме во 658 година. Во прилог на тоа е фактот што по смртта на калифот Омар, јуни 656 година во арабскиот калифат започнале борби за престолот. Борбите се воделе помеѓу Алија од родот на Мухамед и Муавиј, прочуен војсководач и заповедник на областа помеѓу Еуфрат и Египет. Муавиј во 657 година извојувал победа над Алија кај Еуфрат, но граѓанската војна продолжила. Една година подоцна византискиот цар Констанс, користејќи го прекинот во своето непрекинато војување со Муавиј, посветил внимание на западните области на својата држава и тогаш завојувал против Склавинија. Овој термин според истражувачите се однесува на Македонија[24].

Резултатот од походот е јасен, Констанс II заробил и покорил многу народи. Најверојатно дел од Македонските Словени бил натеран да ја признаат царската власт. Како резултат на тоа примирје било и преселувањето на словенско население во Мала Азија, бидејќи од тогаш се споменуваат малоазиски Словени и словенски војници во византиската војска во малоазиските теми. Не е исклучена можноста по овој поход Словените што биле засегнати од походот да стекнале статус на федерати во византиската империја.

---

[20] Византиски извори, I, 197; Документи, 1, 32-33.

[21] Византиски извори, I, 221-222; Документи, 1, 33. Спореди и: Литаврин Г. Г., Славинии VII-IX вв. Социально-политические организации славян. – Этногенез народов Балкан и Северного Причерноморья. Лингвистика, археология. НМ., 1984 272 бел. 257-260; Б. Панов, Општествено-политичките прилики во Струмичката област од крајот на на VI до почетокот на X век. – Средновековна Македонија, 3, Скопје 1985, 394; С. Антолјак, Македонските Склавинии, 137-138; С. Зоговиќ, Етничките заедници, 250; И. Божилов-В. Гюзелев, История, 49.

[22] За различните датирања види: Византиски извори, I, 221 бел. 8.

[23] Г. Острогорски, Историја Византије, 131-132 и бел. 1.

[24] Поопширно за тоа види: Византиски извори, I, 222 бел. 9; Г. Острогорски, Историја Византије, 132 бел. 1.

Во 659 година дошло до мир меѓу Византија и Арабјаните, а Муавиј се обврзал да плаќа годишен трибут (данок).

Од словенските преселеници во Мала Азија, одред од 5000 војници во 665 година според Теофан преминале на страната на Арабјаните и биле населени во Сирија[25].

Самиот факт што византискиот император ги населил Словените во Мала Азија и ги наоружал за борба против Арабјаните укажува на тоа дека Констанс II успеал да воспостави своја власт во областите од каде што ги преселил и дека меѓу него и Словените биле воспоставени односи на сизерен и потчинети. Во спротивно, не може да се објасни на задоволителен начин постапката што ја направил – преселување и вооружување. Не може да преселиш некого ако немаш власт над него, а не можеш и да му дадеш оружје на некој ако не се регулирани меѓусебните односи. Тоа нѐ тера на помисла дека по походот од 658 година дошло до воспоставување на мирни односи меѓу Словените во Македонија што биле засегнати од овој поход на Византија и нивно потчинување на државните закони.

Во прилог на оваа констатација е, и тврдењето на авторот на Чудата II, кога зборува за ринхинскиот рекс Пребонд (Првуд) 674-677 година, кога вели дека „...често споменуваните Словени, кои се настанети во близина на овој од Бога чуван град, само навидум го чуваат мирот“[26]. Тоа значи дека меѓу тие Словени и Византија биле воспоставени мирни односи, кои најверојатно биле резултат од походот на Констанс II од 658 година.

Дејноста на ринхинскиот рекс Пребонд (Првуд), **Прѣбѫдъ** била предмет на истражување на повеќе автори. Сепак и до денес останале спорни неколку прашања. Прво, хронолошки не се воедначени гледиштата, па некои истражувачи неговата дејност ја датираат во 645-647 година[27], додека пак други во 674, а опсадата на Солун од неговите соплеменици во периодот 674-677 година[28].

---

[25] Византиски извори, I, 223; Г. Острогорски, Историја Византије, 132.

[26] Византиски извори, I, 198 и бел. 21; Документи, 1, 34.

[27] Текстове и документи по История на България. София 1993, 13; Ал. Бурмов, Славянските нападения срещту Солун в „Чудесата на св. Димитър“ и техната хронология.- ГСУ, ФИФ, XL, 2 (1952), 202; И. Божилов-В. Гюзелев, История, 48-49.

[28] P. Lemerle, Les plus anciens recueils des miracles de saint Démétrius, I, 198-221; II, III – 133; P. Lemerle, Invasions et migrations dans les Balkans depuis la fin de l'epoque jusqu'au VIIIe siécle, Revue Historique, 211 (1954), 270-273; Византиски извори, I, 198-206; ИБИ, VI, ГИБИ, III, 143 заб.3; Документи, 1, 34; Ф. Баришић, Чуда, 100 заб.64, 124; Тъпкова-Заимова В., – Пенджекова Р., Византия, 65; Б. Панов, Македонските склавинии од крајот на VII век до паѓањето под византиска и бугарска власт. – Средновековна Македонија, 3, Скопје 1985, 31-33; С. Антолјак, Македонските склавинии, 138; С. Зоговиќ, Етничките заедници, 283 и 326; Т. Живковић, Јужни Словени, 211-212.

Имајќи ги во предвид сите околности посочени во Чудата II, византиско-арапската војна, словенските напади и пљачкања околу Солун, предност во датирањето даваме на групата историчари кои дејноста на Пребонд ја ставаат во 70-тите години на VII век. Тоа од причина што и авторот индиректно кажува дека Словените го чуваат привидно мирот. Тој мир меѓу Словените и Византија можел да биде воспоставен само по походот на Констанс II од 658 година, а никако порано.

Второто прашање на кое посебно сакам да се задржам е титулата на Пребонд „рекс" (Ῥυγχίνων ῥηγὸς)[29]. Скоро речиси сите истражувачи на проблемот, ја преведуваат титулата со словенската „кнез", што мислам дека не соодветствува на реалната состојба. Авторот на Чудата е византиски црковен великодостојник, кој што доследно ги следи византиските државноправни принципи и ја употребува византиската титулатура. Буквалниот превод на титулата „рекс" на словенски јазик е „крал". Токму тоа ги збунило истражувачите, па тие се колебаат да ја употребат таа титула „крал", кога фактички тогаш немаме словенско кралство. Но, ако се има предвид византиската дипломатија и политичка пракса во однос на другите народи кои живееле на нејзина територија, ова не треба да не зачудува. Во периодот на готската инвазија и борбите со Византија, византиската влада го признала (поточно му доделила) титула „крал на своите Готи" на Теодорих Остроготски. Тие Готи живееле на византиска територија, а се управувале формално од свои кралеви и служеле како федерати на Византија, а таа ги титулира како кралеви (регеси). Тоа воопшто не ја вознемирувало Византија, бидејќи државната хиерархија не била нарушена.

Имајќи го предвид овој факт може да се допушти дека по походот на Констанс II против Словените во 658 година дошло до склучување на мировен договор, според кој најверојатно византискиот император му ја доделил титулата „рекс" (крал) на своите Словени на Пребонд и тие Словени го чувале мирот сè до 674 година кога кралот Пребонд бил наклеветен од управникот на Солун дека има нечесни намери кон Солун.

Доколку не било така, тешко може да се прифати фактот, византиски црковен великодостојник да го титулира водачот на Словените со титула „рекс" (крал), кога се знае од подоцнежните периоди дека Византија ги именува со таква титула само оние владетели кои истата ја добиле од Византија, во спротивно едноставно избегну-

[29] Византиски извори, , 199 и бел. 22; Документи, 1, 34 и бел. 95.

ва да ги титулира. На пример цар Самуил, никогаш директно во византиските извори не е наречен со титулата цар[30]!

Во прилог на нашето гледиште го наведуваме исказот на авторот на Чудата II кога вели дека: „оној што управуваше тогаш во оваа област, не знам на кој начин и зошто му испрати извештај до богомудрите уши на оној што по божја волја царуваше над нас, против рексот на Ринхините, по име Пребонд, дека кроел планови против нашиот град со итра и пакосна намера"[31]. Потоа следува одговорот на императорот кој што „испрати свое писмо до префектот со наредба да му го испрати рексот врзан кај него. Писмото било покажано на највидните првенци, кои веднаш го фатија, зошто тој се наоѓаше во градот, и го испратија окован во синцири"[32].

Овој дел од расказот на авторот сведочи дека управникот на Солун, како и првенците многу добро го познавале Пребонд, а индиректно се навестува дека и императорот го познавал. Од друга страна пак, Пребонд сосема слободно престојувал во Солун, што ќе рече дека тој немало од што да се плаши, т.е. неговото движење не било ограничено, односно, тој имал добри односи со градот, на што алудира и авторот на Чудата II. Можно е Пребонд секојдневно да комуницирал со управникот на градот па така тој разбрал за неговата зла намера.

Во прилог кон нашето гледиште ги додаваме и следните дејствија што се случиле. Како што наведува авторот „бидејќи тоа се случи и сето тоа го дозна народот на Словените, тогаш двете групи-оние од Ринхина и оние од Стримон, побараа од управникот и од градот да замоли овој (Пребонд) да не го изгуби животот, и бидејќи веќе молат да биде ослободен да им се испрати назад"[33]. Управникот на Солун, откако ги сослушал словенските пратеници решил „за таа цел некои од овдешните (Солунчаните) по избор искусни луѓе, заедно со избраните делегати на Словените беа испратени кај царот"[34].

Управникот на Солун го примил словенското пратеништво, ги ислушал нивните барања и одлучил да испрати мешано пратеништво

[30] Поопширно за тоа прашање види: С. Антолјак, Самуилова држава. – Средновековна Македонија, 1, Скопје 1985, 432-446; С. Пириватриќ, Самуилова држава. Београд 1997, 133-144.

[31] Византиски извори, I, 199; Дакументи, 1, 34; Тъпкова-Заимова В., – Пенджекова Р., Византия, 65.

[32] Византиски извори, I, 199; Документи, 1, 35; Тъпкова-Заимова В., – Пенджекова Р., Византия, 65.

[33] Византиски изводи, I, 200; Тъпкова-Заимова В.,-Пенджекова Р., Византия, 65.

[34] Византиски извори, I, 200-201; Документи, 1, 35; Тъпкова-Заимова В., – Пенджекова Р., Византия, 65.

кај царот. Сето тоа укажува на фактот дека биле регулирани односите меѓу Византија и Словените како меѓу два политички субјекта. Во спротивно, не би можеле да го објасниме приемот на словенското пратеништво во Солун и заедничкото патување на пратениците од Словени и Солунчани и нивниот прием кај царот. Царот разговара со нив како со признат политички фактор и им ветил дека ќе го пушти Пребонд по завршување на војната со Арабјаните. Пребонд добил слобода на движење во престолнината, а заедничкото пратеништво се вратило назад. Сето тоа укажува дека Византија ги третирала Словените во Македонија како политички партнер и фактор во меѓусебните односи. Во спротивно, како да го објасниме приемот на словенските пратеници во Цариград и тоа од самиот император, или пак нивното патување до таму со највидните Солунчани.

Останува енигма само дали Пребонд бил крал и на Струмјаните, бидејќи и тие се кренале заедно со Ринхините, или тоа го направиле од солидарност. Едно е сигурно, на што упатува и констатацијата на авторот дека „штом пратениците се вратија, Словените и едните и другите попуштија во својот бес“[35].

Пребонд, користејќи се од слободата што му била дадена, „облечен во ромејска облека и говорејќи наш (ромејски) јазик излегол од главната порта“ на Константинопол и во договор со еден од преведувачите избегал на неговиот имот во Тракија. Потерата по него траела четириесетина денови, а императорот испратил известување до управникот на Солун за случката и го предупредил да се подготви за одбрана на градот.

Откако бил откриен Пребонд и вратен во престолнината, тој признал дека избегал по наговор на преведувачот. Тогаш Императорот наредил да се ликвидира преведувачот со семејството, а Пребонд бил ставен под надзор. По извесно време била откриена неговата намера повторно да избега, но бил фатен и била спроведена истрага. На распрашувањето ја открил својата намера и истакнал дека „од моментот кога би стигнал во своето место повеќе воопшто не би водел сметка за мирот, туку и сите блиски племиња би ги собрал и после тоа не би оставил ништо ни на море ни на копно без борба, туку непрекинато би водел борба и ниеден христијанин не би оставил во живот па каков и да бил“[36].

---

[35] Византиски извори, I, 201; Документи, 1, 35, „се откажаа од своето безумие“ ,Тъпкова-Заимова В.,-Пенджекова Р., Византия, 65.

[36] Византиски извори, I, 202; Документи, 1, 37; Тъпкова-Заимова В., – Пенджекова Р., Византия, 65-66.

И во овој дел се наоѓаат аргументи дека пред тоа Пребонд имал склучено мир со Византија и дека ѝ бил добро познат на владеачките кругови во Константинопол. Се знаел со преведувачот, а самиот вели дека „не би водел сметка за мирот“, значи за мирот што бил склучен со Византија во претходните години, а единствен поход кога би можел да биде склучен тој мир е оној од 658 година.

По истрагата, императорот наредил Пребонд да биде ликвидиран. Откако дознале за тоа „племињата на споменатите Словени, велам оние од Стримон и Ринхина, а и Сагудатите, наполно се кренаа на оружје против нашиот град Солун“[37]. Од овој исказ се заклучува дека пред тоа Словените мирувале, т.е. имале добри односи со градот и воопшто со Византија.

Таа војна што започнала се продолжила до 677 година, кога бил опсаден и Солун „25 јули 5 индикт, 677 година“[38], при што била опустошена околината на градот, а внатре во градот се појавил глад. Тоа влијаело многумина од Солун да избегаат кај Словените и имало опасност целиот град да остане без жители[39]. Овој податок е интересен и наведува на помислата дека многу граѓани од Солун се познавале со некои од Словените, или пак со нивните водачи. Тоа би значело дека пред судирот тие одржувале врски со Словените, пред сè трговски[40]. Со градот Солун во мирни односи останале Велегезитите. При опсадата на градот авторот ги споменува и „кнезовите на Драговитите кои се наредиле во борбен ред кај ѕидиштата за да го заземат градот“[41]. Опсадата продолжила и поради тоа дошло до нервоза и кавга меѓу словенските племиња што допринело опсадата да не успее и Словените се повлекле во своите места.

Иако опсадата била разбиена не престанале грабежите и нападите во околината на градот. Воедно, таа војна ни покажува дека постоеле неколку политички целини кај македонските Словени.

По неуспехот на опсадата во 677 година некои Словени ја продолжиле војната која им нанесувала штета на трговијата. Тоа го натерало византискиот император да ги нападне Струмјаните и тоа не тајно „туку однапред им објавил војна“[42]. Овој податок, сам по себе

[37] Византиски извори, I, 202; Документи, 1, 37; Тъпкова-Заимова В., – Пенджекова Р., Византия, 66.

[38] Византиски извори, I, 205.

[39] Византиски извори, I, 203; Документи, 1, 37; Тъпкова-Заимова В., – Пенджекова Р., Византия, 67; Т. Живковић, Јужни Словени, 215.

[40] Т. Живковић, Јужни Словени, 215-216.

[41] Византиски извори, I, 204; Документи, 1, 37; Тъпкова-Заимова В., – Пенджекова Р., Византия, 68; Т. Живковић, Јужни Словени, 216.

[42] Византиски извори, I, 206-207; Документи, 1, 38-40; Б. Панов, Македонските склавинии, 34; Т. Живковић, Јужни Словени, 218.

укажува дека византискиот император им објавил војна на Струмјаните, а тоа значи дека ги третира како политички субјект кој е надвор од византиската власт.

По објавата на војната Струмјаните ги запоседнале клисурите и најверојатно биле потпомогнати и од други Словенски кнежевства. Сепак, Византија успеала да ги совлада и да изврши силен колеж[43]. Додека траела војната во Солун пристигнале бродови со жито, а копнената византиска војска напредувала кон Солун[44]. На крајот Словените „проговориле за мир"[45]. Овие настани се датираат во доцната есен 678 или во пролетта 679 година[46].

Во 678 година Византија склучила мир со Муавиј на 30 години, под услов Арабјаните да плаќаат годишен данок и да праќаат многу подароци. Истата година, жителите на западните краеви му пратиле пратеништво на Константин IV. Овие вести ни ги дава Теофан[47], бидејќи авторот на Чудата своето излагање го завршува со настаните од 677 година.

Не ни е познато колку време траел мирот меѓу Византија и Македонските Словени склучен во 678 година и дали воопшто бил склучен, бидејќи Теофан само вели дека Словените проговориле за мир. Но, после 10 години Теофан зборува за походот на Јустинијан II (687/88) против Бугарите и Склавиниите[48]. Овој податок укажува на тоа дека, доколку бил склучен мир помеѓу Византија и Струмјаните во 678 година, сега, негде по 685 и 687 година тој мировен договор бил раскинат. Некои автори се на мислење дека целта на овој поход била истата Склавинија која што во 657/8 година ја нападнал Констанс II[49], а тоа значи Стримон.

Јустинијан II стасал до Солун и оттука со бродови испратил 30.000 Словени во темата Опсикион[50]. За други придобивки за Византија немаме податоци. Можно е Струмјаните и Ринхините да ја признале врховната византиска власт. На таков заклучок нè наведува фактот што после овој поход на Јустинијан II немаме регистрирано

---

[43] Византиски извори, I, 210.

[44] Исто, 211; Ф. Баришић, Чуда, 215 и бел.145.

[45] Византиски извори, I, 211; Документи, 1, 40; Т. Живковић, Јужни Словени, 219

[46] Ф. Баришић, Чуда, 215, ги датира во 680 година; P. Lemerl, Commentaire, 132, во 678 година; Б. Панов,Македонските склавинии, 34; Документи,1, 39-40, во 680; Т. Живковић, Јужни Словени, 219, во 678/79 година.

[47] Византиски извори, I, 223-224; И. Божилов-В. Гюзелев, История, 50.

[48] Византиски извори, I, 226; Документи, 1, 41; Б. Панов, Македонските склавинии, 35; С. Антољак, Македонските Склавинии, 141; Т. Живковић, Јужни Словени, 224-225.

[49] Т. Живковић, Јужни Словени, 225.

[50] Византиски извори, I, 226; Документи, 1, 41,42. Г. Острогорски, Историја Византије, 143-144.

друг византиски поход против Словените во Македонија сè до 758 година кога Константин V ги нападнал Склавиниите во Македонија[51].

Интересни се податоците за судбината на преселените Словени во Мала Азија. Тие во 691/2 година[52], наместо да се борат против Арабјаните, преминале на нивна страна. Во 693/4 година[53] пребегнатите Словени заедно со Арабјаните ги напаѓале византиските области.

Што се однесува до Словените во Македонија за крајот на VII век немаме податоци во какви односи биле со Византија. Врз основа на податокот за преселување на 30.000 Словени од Македонија во Мала Азија може да се претпостави дека тие области што биле засегнати од походот биле вклучени во административниот систем на Византија. Во спротивно, не може да се објасни „преселувањето на Словени“ и нивното вклучување во византиската војска.

(Рецензебт: *проф. д-р Милан Бошкоски*)

---

[51] Византиски извори, I, 230.

[52] Византиски извори, I, 227 и 241-242.

[53] Исто, 229; Г. Острогорски, Историја Византије, 145.

Aleksandar ATANASOVSKI

# BYZANCE AND THE SLAVS FROM THE SALONICA'S AREA IN THE VII CENTURY


## Abstrsct

*During the VIIth century relationships between Byzance and the Slavs from the areas around Salonica were on turnover. The Slavs endeavored to remove byzantinian rule from its only one military base in Macedonia.. During those activities Slavs acted as an alliance of several tribes. In order to strenght their force Slavs needed some ally, in 618 a.d. they were supported by the Avars.*

*Byzantinian successful military operations against Slavs, brought an peace agreement between the contested sides. As a result of these agreement, probably, „rex Prebond" was recognized for a „King of his Slavs". Prebond, similary to Teodrich the Great, pledge himself to act in direction for strenghting of the authority of the central government in Macedonia. Af-ter some time Prebond was suspected that make some"evil" plans about Salonica. During his stay in abovementioned city he was captured and send in Constantinople. After this event a delegation, composed by distinguished Salonica's citiziens and representatives of Slavs, vi-sited the Byzantinian Emperor in ored to negotiate for liberating of Prebond. All of these show that there were regular relationships between two political subjects-Byzance and Slavs.*